**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА ПРИМЕНА НА ПОСЕБНИ ИСТРАЖНИ МЕРКИ

## ВО 2025 ГОДИНА

Скопје,  мај 2026 година

**С О Д Р Ж И Н А**

**I. ВОВЕД.........................................................................................3**

**II. ПОИМ И ВИДОВИ МЕРКИ.........................................................4**

**III. СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД.......................................................6**

**III.1.Број на постапки во кои се наредени ПИМ...............................6**

**III.2.Кривични дела по кои е наредена примена на ПИМ..............7**

**III.3.Постапки поврзани со гонење на организиран криминал во кои е применета ПИМ..........................................................8**

**III.4.Број на набљудувани објекти и лица.........................................9**

**III.5.Времетраење на мерките...........................................................10**

**III.6.Произлезени резултати.............................................................10**

**III.7.Причини за непроизлезени резултати.......................................11**

**III.8.Трошоци произлезени од примената на мерките..................12**

**III.9.Преглед на примена на посебните истражни мерки по вид и по кривично дело...........................................................................12**

**IV.ЗАКЛУЧОК...................................................................................18**

# I. В О В Е Д

Посебните истражни мерки се релативно нов институт воведен во нашето кривично-процесно законодавство со измените и дополнувањата на Законот за кривична постапка од 2004 година, како усогласување на домашното законодавство со меѓународното право и современите правни тенденции засновани на принципите на демократските општества во борбата со организираниот криминал и корупција.

Како што криминалот ги менува своите облици на организација и манифестација, така и законодавството и институциите задолжени за спроведување на правдата е неминовно потребно да ја менуваат и усогласуваат легислативата со цел за зголемување на својата ефикасност.

Законски услов и цел за примена на посебните истражни мерки е веројатноста дека ќе се обезбедат податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, кои на друг начин не можат да се соберат, што е во согласност со член 8 од Европската конвенција за човекови права со што се оправдува нивната примена само кога се исполнети предусловите поврзани со пропорционалноста помеѓу целта на мерките и средствата кои се користат нејзино остварување, како и обезбедување на рамнотежа помеѓу интересите на општеството и почитување на правата на поединецот.

Затоа и примената на посебните истражни мерки е со закон ограничена под кои услови и за кои кривични дела истите може да се применат.

Законот исто така определува кој може да ги предлага, кој може да издава наредба и кој да ги спроведува.

Во тој контекст е правото и должноста на јавниот обвинител да предлага или да издава наредба за преземање на посебни истражни мерки, освен во случаите кога судот е надлежен да издава наредба, што е прецизно пропишано со одредбите во Законот за јавното обвинителство и Законот за кривична постапка.

Значењето на посебноста и ограниченоста на посебните истражни мерки се гледа и во законската обврска на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија согласно чл.271 од Законот за кривичната постапка еднаш годишно да достави извештај до Собранието на Република Северна Македонија за примената на посебните истражни мерки што се побарани во претходната календарска година.

Врз основа на оваа законска обврска, во овој Извештај се даваат податоци за 2025 година за бројот на постапките и издадените наредби за примена, бројот на набљудувани објекти и лица, кривичните дела за кои биле применети овие мерки, времетраењето на секоја мерка одделно и останатите релеватни податоци, со што се имплементира начелото на јавност и отчетност на јавното обвинителство, воедно и на другите институции надлежни за кривичен прогон во однос на примената на посебните истражни мерки.

## II.ПОИМ И ВИДОВИ МЕРКИ

Основна правна рамка de lege lata која го пропишува постењето и примената на посебните истражни мерки во домашното законодавство е Глава XIX - Посебни истражни мерки од Законот за кривична постапка, но и други законски прописи како Законот за следење на комуникациите, Законот за електронски комуникации, Законот за ОТА, кои се тесно поврзани со постапката за нивно спроведување.

Заради заштита на човековите права, посебните истражни мерки е неопходно да бидат јасно и прецизно нормативно уредени и да бидат сразмерни на тежината на кривичното дело и опасноста од него, односно треба да се сфатат како неопходен и краен услов со оглед на нивното навлегување во индивидуалните слободи и права на граѓаните загарантирани со Уставот и со меѓународните акти.

Оперативната примена на ваквите мерки подетално е разработена и регулирана и со подзаконски акти во јавното обвинителство преку задолжителни упатства, а соодветно и кај другите легитимни институции.

Затоа со закон е предвидено дека истите се применуваат во строго определени случаи и за огреничен број на кривични дела, само кога е веројатно дека ќе се обезбедат податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, како и податоци за лице кое е предмет на распишана меѓународна потерница, а кои на друг начин не можат да се соберат.

Во случај кога не се располага со сознание за идентитетот на сторителот на кривичното дело, посебните истражни мерки може да се определат и спрема предметот на кривичното дело.

Кои посебни истражни мерки може да се применат е таксативно пропишано со чл.252 од ЗКП и тоа :

-следење и снимање на телефонски и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон,

-следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање на услови за следење на комуникации,

-тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен,

-таен увид и пребарување во компјутерски систем,

-автоматско, или на друг начин пребарување и споредување на личните податоци,

-увид во остварени телефонски и други електронски комуникации,

-симулиран откуп на предмети**,**

-симулирано давање и примање поткуп,

-контролирана испорака и превоз на лица и предмети и одложување на приведување или одземање предмети,

-користење на лица со прикриен идентитет за снимање, следење и собирање на информации или податоци и инфилтрирање во организирани криминални групи,

-отворање симулирана банкарска сметка,

-симулирано регистрирање на правни лица или користење на постојни правни лица за собирање на податоци и создавање услови за инфилтрирање.

## III. СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД

Во зависност од сложеноста на случајот и потребата од докази кои на друг начин не би можеле да се обезбедат, законот дозволува во еден случај да се применуваат повеќе различни ПИМ, не само една ПИМ.

Исто така спрема некое лице може да се применуваат повеќе различни мерки, а спрема друго во истиот случај само една мерка, се во зависност од неопходноста на потребата како основен услов за примена на ПИМ.

Истото се однесува и на кривичните дела, во еден случај за различни лица може да бидат едно или повеќе различни дела.

Затоа не може да се споредуваат податоци за број на случаи, број на мерки, број на лица или предмети, како и број на кривични дела за кои се спроведени посебните истражни мерки, за чии поединости ќе бидат изложени податоците во прегледот кој следи за примената на посебните истражни мерки по нивниот вид, односно ќе се дадат податоци како што е пропишано со напред кажаната законскља одредба. Ваквата состојба е резултат на фактот дека најчесто во пракса не се применува посебна истражна мерка само по еден основ, односно во повеќето случаи се оди на комбинирање на повеќе видови на посебни истражни мерки.

### III.1.Број на постапки во кои се наредени ПИМ

Во 2025 година во вкупно 44 нови случаи имало примена на ПИМ врз основа на наредби издадени од судија на претходна постапка или јавен обвинител.

Во 2025 година имало и 5 случаи започнати во 2024 година кои продолжиле со примена на ПИМ и во 2025 година, така да јавните обвинители во 2025 година вкупно во работа имале 49 случаи на примена на ПИМ.

За случаите од 2024 година соодветните податоци биле изложени во Извештајот за 2024 година и понатаму во овој Извештај ќе се даваат податоци само за новите 44 случаи започнати во 2025 година.

Споредбено со 2024 година кога имало 35 случаи на примена на ПИМ, во 2025 година има зголемување за 9 нови случаи или 25,7 %, но останува на половина помалку од 87 случаи што ги имало во 2023 година.

Од вкупно 44 нови случаи за 2 иницијатор е самото јавно обвинителство и тоа ОЈО ГОКК, додека кај другите обвинителства подносител на предлозите за примена е МВР кој е подносител и во ОЈО ГОКК за другите случаи.

Анализирано по подрачја на виши обвинителства и ОЈО ГОКК, ПИМ не бил применет ниту во еден случај на подрачјето на ВЈО Гостивар, додека основните обвинителства на другите подрачја ги применувале, а најголема примена има од страна на ОЈО ГОКК што е очекувано имајќи ја предвид надлежноста на ова јавно обвинителство кое постапува по најсложените кривични дела на организиран криминал и корупција, по што според број на случаи, но помалку со опфатени лица се основните обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје, па на Битола и Штип.

Имено, обвинителствата од подрачје на ВЈО Битола имале во работа вкупно 6 случаи, сите нови од 2025 година чиј подносител бил МВР.

На подрачјето на ВЈО Скопје по 3 случаи продолжила примената и во 2025 година во која има 16 нови случаи или во 2025 година вкупно во работа имале 19 случаи. Предлагач на сите 16 е МВР.

На подрачјето на ВЈО Штип примена на ПИМ имало само во 4 нови случаи, подносител на предлозите е МВР.

Во ОЈО ГОКК вкупно во работа имале 20 случаи од кои по 2 постапувањето продолжило од 2024 во 2025 година во која имаат отворено нови 18 случаи од кои 2 се по наоѓање на самото обвинителство, а 16 по предлог на МВР.

## III.2.Кривични дела по кои е наредена примена на ПИМ

Во 2025 година во вкупно 44 нови случаи во кои имало примена на ПИМ, законска основа за издавање на соодветните наредби, согласно одредбите од чл.253 од Законот за кривична постапка, биле следните кривични дела :

-Убиство од чл.123 од КЗ,
-Прикажување порнографски материјали на дете од чл.193 од КЗ,
-Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 ст.1 и ст.3 од КЗ,
-Изнуда од чл.258 од КЗ,
-Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273 од КЗ,
-Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ,
-Примање поткуп од чл.357 од КЗ,
-Давање поткуп од чл.358 од КЗ,
-Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 од КЗ,
-Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ,
-Терористичка организација од чл.394-а,
-Тероризам од чл.394-б од КЗ,
-Финансирање на тероризам од чл.394-в од КЗ,

-Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје и експолозивни материи од чл.396 од КЗ,

-Криумчарење мигранти од чл.418-б од КЗ,

-Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење мигранти од чл.418-в од КЗ,

-Трговија со дете од чл.418-г од КЗ.

## III.3.Постапки поврзани со гонење на организиран криминал во кои е применета ПИМ

Во 2025 година од вкупно 44 нови случаи во кои имало примена на посебни истражни мерки, во 12 случаи или 27,3 % постапките се поврзани со гонење на организиран криминал.

При ова се појаснува дека за гонење на кривични дела извршени во облик на организиран криминал, што подразбира извршување од страна на организирана група, банда или друго злосторничко здружение, е надлежно само Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, кое е надлежно и за други кривични дела согласно со закон определената надлежност која ја има, кои може да бидат извршени од страна како на еден изврпшител, така и од страна на повеќе извршители, но немаат облик на организиран криминал.

Затоа се прави разлика помеѓу извршување на кривично дело во облик на организиран криминал или кривично дело извршено од страна на повеќе лица кои се соучесници и можат да бидат извршители, поттикнувачи или помагачи, а сепак не се облик на соучесништво кое има облик на организиран криминал бидејќи соучесниците не се организирани како организирна група, банда или друго злосторничко здружение.

Исто така не е нужно да биде дело од организиран криминали да постои и кривично дело Злосторничко здружение од чл.394 од КЗ, кое е самостојно како дело, на пример може да биде организирана група од кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 ст.3 од КЗ.

Исто така не е нужно да има и повеќе кривични дела кои ги извршува групата, како што е напред посочениот пример, а може да има и повеќе дела и пак да не биде организирана група, на пример повеќе соучесници извршиле кривични дела Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ и Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273 од КЗ, а да не се во облик на организирана група.

Резимето е дека не секое соучесништво и повеќе кривични дела извршени од нив секогаш се и облик на организиран крминал чии обележја

се пропишани со закон и меѓународните прописи кои се дел од домицилното законодавство, како што се повеќе Конвенции.

### III.4.Број на набљудувани објекти и лица

Во 2025 година во 44 нови случаи, посебните истражни мерки биле применети спрема вкупно 365 лица од кои само 3 биле со неутврден идентитет и спрема 362 со познат идентитет, како и спрема 56 предмети на кривично дело спрема кои се применувале мерките.

Споредбено ова е скоро исто како и претходната 2024 година во однос на бројот на познати лица, но значително помалку во однос на непознати лица и предмети, имајќи предвид дека во 2024 година под опфат на посебни истражни мерки биле вкупно 363 лица со утврден идентитет, 8 лица со неутврден идентитет и 163 предмети на кривично дело.

Основните јавни обвинителства од подрачје на ВЈО Битола имале во работа вкупно нови 6 случаи и се применувале спрема вкупно 7 лица со утврден идентитет.

На подрачјето на ВЈО Скопје имале во работа нови вкупно 16 случаи и се применувале спрема 16 познати лица, спрема 1 лице со неутврден идентитет и спрема 3 предмети на кривично дело.

На подрачјето на ВЈО Штип имале во работа нови вкупно 4 случаи и се применувале спрема 4 лица со познат идентитет и спрема 2 со непознат, а нема примена спрема предмети на кривично дело.

Во ОЈО ГОКК во работа имале нови вкупно 18 случаи и се применувале спрема 335 лица со утврден идентитет и спрема 53 предмети на кривично дело, а нема примена спрема лице со неутврден идентитет.

Постојните правила на статистика која се води во јавните обвинителства не овозможуваат податок за примената на мерките по познати, непознати лица и предмети споредбено по обвинети или не обвинети лица особено затоа што некое лице може да биде обвинето за друго дело, а не за делото за кое имало примена на мерка, доколку од севкупноста на доказите произлезе основано сомневање за одговорност за друго дело за кое не е дозволена или не била применета конкретната посебна истражна мерка, а не се обезбедат докази и за делото за кое се применувала мерката, па затоа нема да се поклопи со она што се прикажува како обвинети лица по примена на посебна истражна мерка.

### III.5.Времетраење на мерките

Времетраењето на примената на посебните истражни мерки е императивно пропишано во член 260 од Законот за кривична постапка.

Спецификата на случаите дава различност и по однос на прашањето на времетраењето на една мерка во еден конкретен случај кога во него има примена на повеќе различни мерки, така да е невозможно да се каже по случај колку траеле мерките бидејќи сите имаат различно законско времетраење, а секоја од нив конкретно може да трае независно различно, така да единствено може да се прави преглед по видови на мерки, што ќе биде прикажано понатаму во извештајот.

Дополнителна сложеност од аспект на статистика е што во еден случај каде има повеќе осомничени лица една иста мерка за различни лица можер да трае различно, за некој може да трае пократко, за друг подолго, се во зависност од условите за основаноста на траењето и сето се разбира во рамките на времето предвидено со законот, никако подолго.

Она што е суштествено е дека законот не остава можност за субјективизам или диспозија за времетрањето на една мерка и што во досегашната примена, така и во извештајната 2025 година нема случај на незаконско надминување на времетраењето на мерките, што дополнително го оневозможува и судската контрола во сите фази на кривичната постапка.

Како и по претходното прашање, постојните правила на статистика која се води во јавните обвинителства не овозможуваат прецизен вкупен податок за времетрањето на примената на мерките, истата овозможува и законски при примената се следи поединечно за секое лице и дело во секој конкретен случај, но нема збирни прегледи и евиденции, за кое причините се како и напред кажаните.

### III.6.Произлезени резултати

Во најголемиот број од случаите каде се применувале посебни истражни мерки се произлезени очекуваните резултати кои се претпоставувале при нивното определување.

Истите се правно релеватни докази во понатамошниот тек на кривичните постапки кои се поведуваат со истраги или обвинение, имајќи предвид дека мерките најчесто се определуваат во претходна постапка пред донесување на наредба за истрага, а може да траат и во фаза на истрага.

Се разбира дека доказите прибавени со примената на посебните истражни мерки се од особено значење затоа што најчесто тоа е

единствениоит начин да се обезбедат, што впрочем е и еден од законски предвидените услови за нивна примена, но ниту едно обвинение не се заснова исклучиво на резултатите од мерките, туку тие се само еден дел од корупсот на докази, кои со останатите докази се во корелација и се надополнуваат и правно релеватно кореспондираат.

Успешноста на мерката се мери со поведена истрага, поднесено обвинение и добиена осудителна пресуда, што се различни фази на постапката. Статистиката за работа на јавните обвинителства за овие одлуки се искажува по лица. Податоците за Мерките се искажуваат по број на случаи-предмети, но и по лица кои пёк се познати или непознати лица или по предмети на кривични дела. Дополнителна компликација и специфика кај мерките е и што во еден случај може да има примена на повеќе мерки, кои може секоај посебно да бидат со различни резултати на успешност. Имајќи се ова предвид, единствено може да се прави преглед по видови на мерки, што ќе биде прикажано понатаму во извештајот .

## III.7.Причини за непроизлезени резултати

Во мал број од случаите каде се применувале посебни истражни мерки не се произлезени очекуваните релеватни резултати за постапката кои се претпоставувале при нивното определување.

Законот налага обврска кога во текот на примената на мерките нема да се добијат очекувани резултати, мерките да бидат прекинати, што доследно се применува.

Не е исклучено од различни фактички причини кои се случуваат во криминалното делување да изостанат очекуваните резултати од примената на мерките.

Примената на мерките е во надлежност на други органи според нивни стандардни и оперативни процедури, досега не е забележан случај поради незаконито постапување на надлежен орган да пропаднала примената на една мерка, што значи дека недобивањето на очекувани релеватни резултати е во зависност од промените или не активностите кои се случуваат во делувањето на осомничените лица.

Она што е суштествено е дека јавните обвинителства законито постапуваат  и кога ќе се случи мерката да не продуцира потребни релеватни резултати, ја прекинуваат примената на мерките, а ако обезбедените докази се недоволно релеватни, не ја продолжуваат постапката доколку не обезбедат други релеватни докази обезбедни на конвенционален начин.

### III.8.Трошоци произлезени од примената на мерките

Погоре е наведено дека практично примената на мерките е во надлежност на други органи, што од аспект на финансиските импликации за видот и висината на трошоците произлезени од примената е на нивни товар и податоците ги имаат тие, не е и јавно обвинителство.

Во однос на јавното обвинителство трошоците се искажуваат во постоечките финансиски позиции кои се севкупни за работењето на институцијата, а се огледаат во ангажирноста на капацитетите на технички и човечки ресурси во рамките на секојдневното постапување и нема посебни прегледи кои го раздвојуваат постапувањето по предметите за примена на посебни истражни мерки и сите други предмети по кои се постапува.

Секако дека реално трошоците постојат со ангажманот на сите постоечки ресурси во рамките на јавните обвинителства, но нема параметар ниту посебни финансиски евиденции за посебна пресметака за примената на посебните истражни мерки.

### III.9.Преглед на примена на посебните истражни мерки по вид и по кривично дело

Во овој преглед се даваат податоци за пооделен вид на секоја посебна истражна мерка и кривичните дела за кои била применета, бројот и видот на таргетите кои биле набљудувани, одлуките по истите, времетраењето, за кои податоци за еден дел напред во пооделните точки е појаснето дека не може да се даваат збирни податоци за сите мерки по случаи или по лица поради спецификата на случаите така што во еден случај може да има повеќе осомничени со различен број на мерки или повеќе мерки со различна динамика и исход.

#### III.9.1.Следење и снимање на телефонски и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон од чл.252 ст.1 т.1 од ЗКП

Оваа мерка во 2025 година е применета во вкупно 28 случаи, против вкупно 140 лица со утврден идентитет, а не била применета спрема лица со неутврден идентитет, ниту пак спрема предмети на кривичното дело.

Споредбено со 2024 година кога била применета во вкупно 25 случаи, против 163 лица со утврден идентитет, како и против 5 лица со неутврден идентитет, во 2025 година имаме зголемување на примена за 3 случаи, но намалување за спрема 23 лица со утврден идентитет.

Примената во 2025 година траела во 8 случаи до 1 месец, во 9 случаи до 2 месеци, во 4 случаи до 4 месеци, во 3 случаи до 6 месеци, во 4 случаи до 8 месеци.

Во 7 случаи мерката останала да трае.

По завршување на примената на мерката биле отворени 9 истраги против вкупно 81 лице, против 8 лица бил поднесен Обвинителен акт, против 5 лица бил поднесен Обвинителен предлог, во 1 случај мерката била запрена поради немање на правно релеватни резултати од примената.

За 5 лица се донесени пресуди врз основа на признание на вина.

Мерката била применета за следните кривични дела, Убиство од чл.123 од КЗ, Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 ст.1 и ст.3 од КЗ, Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273 од КЗ, Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ, Примање поткуп од чл.357 од КЗ, Давање поткуп од чл.358 од КЗ, Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 од КЗ, Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ, Терористичка организација од чл.394-а, Тероризам од чл.394-б од КЗ, Финансирање на тероризам од чл.394-в од КЗ, Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје и експолозивни материи од чл.396 од КЗ, Криумчарење мигранти од чл.418-б од КЗ, Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење мигранти од чл.418-в од КЗ, Трговија со дете од чл.418-г од КЗ.

### III.9.2.Следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање на услови за следење на комуникации од чл.252 ст.1 т.2 од ЗКП

Оваа мерка во 2025 година е применета во вкупно 2 случаи, против вкупно 2 објекти-предмети на кривично дело, а не била применета спрема лица со утврден идентитет и спрема лица со неутврден идентитет.

Споредбено со 2024 година кога била применета во вкупно 3 случаи, против 3 објекти-предмети на кривично дело, во 2025 година имаме зголемување на примена за 1 случај и зголемување за примена спрема 1 објект.

Примената во 2025 година траела во 1 случај до 4 месеци, во 1 случај до 7 месеци.

Во 1 случај мерката останала да трае.

По завршување на примената на мерката во 1 случај била отворена 1 истрага против вкупно 24 лица.

Мерката била применета за следните кривични дела, Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 ст.3 од КЗ, Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273 од КЗ, Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ, Терористичка организација од чл.394-а, Тероризам од чл.394-б од КЗ, Финансирање на тероризам од чл.394-в од КЗ.

### III.9.3.Тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен од чл.252 ст.1 т.3 од ЗКП

Оваа мерка во 2025 година е применета во вкупно 33 случаи, против вкупно 106 лица со утврден идентитет, спрема 1 лице со неутврден идентитет и спрема 56 предмети на кривичното дело ( патнички, товарни моторни возила, мотори и др.).

Споредбено со 2024 година кога била применета во вкупно 26 случаи против 149 лица со утврден идентитет и против 160 предмети, во 2025 година имаме зголемување на примена за 7 случаи, но намалување за спрема 43 лица со утврден идентитет, зголемување за 1 лице со неутврден идентитет и намалување за спрема 104 предмети на кривичното дело.

Примената во 2025 година траела во 7 случаи до 1 месец, во 12 случаи до 2 месеци, во 7 случаи до 4 месеци, во 1 случај до 5 месеци, во 1 случај до 6 месеци, во 4 случаи до 8 месеци.

Во 12 случаи мерката останала да трае.

По завршување на примената на мерката биле отворени 10 истраги против вкупно 50 лица, против 18 лица бил поднесен Обвинителен акт, против 5 лица бил поднесен Обвинителен предлог, во 3 случаи мерката била запрена поради немање на правно релеватни резултати од примената.

За 5 лица се донесени пресуди врз основа на признание на вина.

Мерката била применета за следните кривични дела, Убиство од чл.123 од КЗ, Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 ст.1 и ст.3 од КЗ, Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273 од КЗ, Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ, Примање поткуп од чл.357 од КЗ, Давање поткуп од чл.358 од КЗ, Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 од КЗ, Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ, Терористичка организација од чл.394-а, Тероризам од чл.394-б од КЗ, Финансирање на тероризам од чл.394-в од КЗ, Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје и експолозивни материи од чл.396 од КЗ, Криумчарење мигранти од чл.418-б од КЗ, Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и

криумчарење мигранти од чл.418-в од КЗ, Трговија со дете од чл.418-г од КЗ.

**III.9.4.Таен увид и пребарување во компјутерски систем од чл.252 ст.1 т.4 од ЗКП**

Оваа мерка во 2025 година не била применета во ниту еден случај.

**III.9.5.Автоматско, или на друг начин пребарување и споредување на личните податоци од чл.252 ст.1 т.5 од ЗКП**

Оваа мерка во 2025 година не била применета во ниту еден случај.

**III.9.6.Увид во остварени телефонски и други електронски комуникации од чл.252 ст.1 т.6 од ЗКП**

Оваа мерка во 2025 година е применета во вкупно 3 случаи, против вкупно 22 телефонски линии од кои на 21 лице со утврден идентитет и на 1 лице со неутврден идентитет.

Споредбено со 2024 година кога била применета во вкупно 1 случај против 1 лице со утврден идентитет, во 2025 година имаме зголемување на примена за 2 случаи, зголемување за 21 телефонска линија и зголемување за 20 лица со утврден идентитет и за 1 лице со неутврден идентитет.

Примената во 2025 година траела во сите 3 случаи до 1 месец.

По завршување на примената на мерката биле отворени 3 истраги против вкупно 22 лица.

Мерката била применета за следните кривични дела, Прикажување порнографски материјали на дете од чл.193 од КЗ, Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 ст.1 од КЗ, Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273 од КЗ, Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ.

**III.9.7.Симулиран откуп на предмети од чл.252 ст.1 т.7 од ЗКП**

Оваа мерка во 2025 година е применета во вкупно 6 случаи, против вкупно 17 лица со утврден идентитет, а не била применета спрема лица со неутврден идентитет.

Споредбено со 2024 година кога била применета во вкупно 3 случаи против 7 лица со утврден идентитет, во 2025 година имаме зголемување на примена за 3 случаи и зголемување за спрема 10 лица со утврден идентитет.

Примената во 2025 година траела против 12 лица до 1 месец, против 2 лица до 2 месеци, против 1 лице до 4 месеци, против 12 лица до 5 месеци.

Во 2 случаи мерката останала да трае.

По завршување на примената на мерката биле отворени истраги против вкупно 7 лица, против 7 лица бил поднесен Обвинителен акт, во 2 случаи мерката била запрена поради немање на правно релеватни резултати од примената.

За 1 лице е донесена пресуда врз основа на признание на вина.

Мерката била применета за следните кривични дела, Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 ст.1 и ст.3 од КЗ, Примање поткуп од чл.357 од КЗ, Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 од КЗ.

### III.9.8.Симулирано давање и примање поткуп од чл.252 ст.1 т.8 од ЗКП

Оваа мерка во 2025 година е применета во вкупно 6 случаи, против вкупно 13 лица со утврден идентитет.

Споредбено со 2024 година кога била применета во вкупно 2 случаи против 9 лица со утврден идентитет и против 1 лице со неутврден идентитет, во 2025 година имаме зголемување на примена за 4 случаи, но намалување за спрема 4 лица со утврден идентитет и за 1 лице со неутврден идентитет.

Примената во 2025 година траела во 4 случаи до 1 месец, во 1 случај до 4 месеци и 1 случај до 5 месеци.

По завршување на примената на мерката биле отворени 4 истраги против вкупно 10 лица, против 8 лица бил поднесен Обвинителен акт.

Мерката била применета за следните кривични дела, Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 ст.3 од КЗ, Изнуда од чл.258 од КЗ, Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ, Примање поткуп од чл.357 од КЗ, Давање поткуп од чл.358 од КЗ, Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 од КЗ.

### III.9.9.Контролирана испорака и превоз на лица и предмети и одложување на приведување или одземање предмети од чл.252 ст.1 т.9 од ЗКП

Оваа мерка во 2025 година е применета во вкупно 3 случаи, против вкупно 3 лица со утврден идентитет.

Споредбено со 2024 година кога била применета во вкупно 2 случаи против 2 лица со утврден идентитет, во 2025 година имаме зголемување на примена за 1 случај и за 1 лице со утврден идентитет.

Примената во 2025 година траела во сите 3 случаи до 1 месец.

По завршување на примената на мерката била отворена 1 истрага против 1 лице, против 1 лице бил поднесен Обвинителен акт.

Мерката била применета за следните кривични дела, Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 ст.1 од КЗ, Изнуда од чл.258 од КЗ.

### III.9.10.Користење на лица со прикриен идентитет за снимање, следење и собирање на информации или податоци и инфилтрирање во организирани криминални групи од чл.252 ст.1 т.10 од ЗКП

Оваа мерка во 2025 година е применета во вкупно 6 случаи, против вкупно 25 лица со утврден идентитет и спрема 1 лице со неутврден идентитет.

Споредбено со 2024 година кога била применета во вкупно 5 случаи и тоа против 47 лица со утврден идентитет и 1 лице со неутврден идентитет, во 2025 година имаме зголемување на примена за 1 случај, но намалување за спрема 22 лица со утврден идентитет.

Примената во 2025 година траела во 2 случаи до 1 месец, во 1 случај до 2 месеци, во 2 случаи до 4 месеци, во 1 случај до 5 месеци.

По завршување на примената на мерката биле отворена 1 истрага против вкупно 6 лица, против 6 лица бил поднесен Обвинителен акт, во 2 случаи мерката била запрена поради немање на правно релеватни резултати од примената, а во 2 случаи уште трае и во 1 случај се чека донесување на одлука.

Мерката била применета за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 ст.1 и ст.3 од КЗ.

### III.9.11.Отворање симулирана банкарска сметка од чл.252 ст.1 т.11 од ЗКП

Оваа мерка во 2025 година не била применета во ниту еден случај.

### III.9.12.Симулирано регистрирање на правни лица или користење на постојни правни лица за собирање на податоци и создавање услови за инфилтрирање од чл.252 ст.1 т.12 од ЗКП

Оваа мерка во 2025 година не била применета во ниту еден случај.

## IV.ЗАКЛУЧОК

Повеќегодишната пракса докажа дека ефикасноста на органите на кривичниот прогон во борбата против организираниот криминал и корупција се зголемува со примена на посебните истражни мерки.

Во зависност од сложеноста на случајот и потребата од докази кои на друг начин не би можеле да се обезбедат, законот дозволува во еден случај да се применуваат повеќе различни ПИМ, не само една ПИМ.

Исто така спрема некое лице може да се применуваат повеќе различни мерки, а спрема друго во истиот случај само една мерка, се во зависност од неопходноста на потребата како основен услов за примена на ПИМ.

Истото се однесува и на кривичните дела, во еден случај за различни лица може да бидат едно или повеќе различни дела.

Во 2025 година во вкупно 44 нови случаи имало примена на ПИМ врз основа на наредби издадени од  судија на претходна постапка или јавен обвинител.

Во 2025 година имало и 5 случаи започнати во 2024 година кои продолжиле со примена на ПИМ и во 2025 година, така да јавните обвинители во 2025 година вкупно во работа имале 49 случаи на примена на ПИМ.

За случаите од 2024 година соодветните податоци биле изложени во Извештајот за 2024 година и понатаму во овој Извештај ќе се даваат податоци само за новите 44 случаи започнати во 2025 година.

Споредбено со 2024 година кога имало 35 случаи на примена на ПИМ, во 2025 година има зголемување за 9 нови случаи или 25,7 %, но останува на половина помалку од 87 случаи што ги имало во 2023 година.

Од вкупно 44 нови случаи за 2 иницијатор е самото јавно обвинителство и тоа ОЈО ГОКК, додека кај другите обвинителства подносител на предлозите за примена е МВР кој е подносител и во ОЈО ГОКК за другите случаи.

Посебните истражни мерки се користени за случаи со најтешките и сложени кривични дела од областа на организираниот криминал и корупција, само кога тоа било неопходно и сразмерно во согласност со законот.

Најприменувана посебна истражна мерка во текот на 2025 година била посебната истражна мерка Тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен од чл.252 ст.1 т.3 од ЗКП која е применета во вкупно 33 случаи, против вкупно 106 лица со утврден идентитет, спрема 1 лице со неутврден идентитет и спрема 56 предмети на кривичното дело ( патнички, товарни моторни возила, мотори и др.), а потоа следува посебната истражна мерка Следење и снимање на телефонски и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон од чл.252 ст.1 т.1 од ЗКП која била применета во вкупно 28 случаи против вкупно 140 лица со утврден идентитет, а не била применета спрема лица со неутврден идентитет, ниту пак спрема предмети на кривичното дело.

Примената на посебните истражни мерки во 2025 година била ефикасна, времетраењето на нивната примена било оптимално потребно во рамките на законот, по чие завршување резултирале со понатамошни постапки со отварање на истраги и подигнување на обвиненија, што ја оправдаува нивната употреба.

Од примената на посебните истражни мерки за јавното обвинителство не произлегуваат посебни финансиски импликации, при ова се во предвид дека мерките ги спроведува Министерството за внатрешни работи и тоа до обвинителството не доставува извештај за трошоците произлезени од примената на овие мерки.

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**М-р Ненад Савески**